# AVON


Karolina
AVON

# Каролина Гочева - новото заштитно лице на козметичкиот гигант AVON

***Македонската ѕвезда Каролина Гочева потпиша договор за соработка со козметичката компанија Авон Македонија како нејзино заштитно лице за периодот септември 2015 – септември 2016.***

Атрактивниот супермодел Ирина Шајк, светски познатата тенисерка Марија Шарапова и холивудската актерка Меган Фокс се само дел од глобалните ѕвезди кои се ангажирани како заштитни лица на козметичката компанија AVON, а на тоа ексклузивно семејство за прв пат му се придружува и македонско познато лице – популарната пејачка Каролина Гочева.

Една од најнегуваните дами на домашната сцена и убедливо највпечатливата македонска ѕвезда, во текот на претстојната година ќе се појавува низ страниците на брошурите на AVON за македонскиот пазар. Партнерството официјално започнува со почетокот на четвртиот квартал 2015 година, а ќе трае сè до истиот период во следната година. Во споменатиот период прекрасната Каролина ќе ги стави својот потпис и препорака на неколку внимателно одбрани премиум производи и брендови од палетата на AVON.

Пејачката, која отпеа дел од најпознатите рефрени на нашата музичка сцена и компанијата која со години поставува стандарди во козметичката индустрија, најавуваат многу изненадувања.

- Ова е прва ваква голема соработка на Авон Македонија со јавна личност и нè очекува период исполнет со многу активности, настани, патувања, фото-сесии, големи кампањи. Како компанија за директна продажба, нашата брошура е и нашата најсилна продажна алатка, па токму затоа Каролина ќе се најде пред сè на нејзините страници, а понатаму секако и во дел од маркетиншките активности на AVON - вели Бисера Банова, специјалист за односи со јавност на Авон Македонија.

Во срцта на работењето на AVON е заложбата на компанијата за убавината на жената и за нејзината финансиска независност, но и посветената работа во двете добротворни кампањи. Токму во овие аспекти и Каролина Гочева ја наоѓа својата инспирација.

- Задоволство и чест ми е да бидам заштитно лице на компанија која во секој аспект е фокусирана на

жените. Од една страна, им овозможува да се грижат за сопствената убавина, здравје и благосостојба, но во исто време им дава шанса преку продажбата на производите на AVON да изградат успешен сопствен бизнис. Дополнително, навистина е реткост во денешно време да се види компанија која е во вистинска смисла на зборот општествено-одговорна. Навистина сум импресионирана што 100 проценти од профитот од одредени производи одат во добротворните цели за кои се залага AVON – изјави Каролина Гочева и додава дека самата се уверила дека во оваа компанија работат вистински професионалци кои си ја знаат работата, а со такви луѓе секогаш е задоволство да се соработува.

AVON постои 129 години во повеќе од 100 земји низ целиот свет и за оваа компанија отсекогаш било практика да соработува со познати личности од различни сфери.

- Во 10-те години во кои AVON работи на македонскиот пазар, имавме можност да ползуваме партнерства на светско ниво со многу познати и реномирани дами. Како што созреваше пазарот, дојдовме до сознание дека ни е потребно и на македонската жена да ѝ доближиме пример на дама која е комплетно реализирана, и тоа од нашето поднебје. Самоуверена, а скромна, докажана во работата која ја работи со страст, жена која внимава на својот изглед и репутација – вистинско олицетворение на сѐ она зад кое стои AVON – вели Националниот менаџер на продажба на Авон Македонија, Дана Стојкова.

Стојкова истакнува дека за многумина Каролина е инспирација.

- Тоа е поради нејзиниот уникатен пристап на градење кариера врз основа на квалитетите кои ги поседува, но и во пристапот на развивање на еден софистициран женски стил. Каролина е најпрестижниот уметник во Македонија и се гордееме што е дел од нашиот тим. – вели Националниот менаџер на Авон Македонија.

Во периодот на 2013-2014 година, компанијата потпиша договори и со неколку други познати македонски дами: модните дизајнерки Антонија Ристовска и Росица Мршиќ и стилистката Васка Леонтиќ. Нивните професионални совети и препораки се најдоа на страниците на брошурите на AVON, меѓутоа соработката со Каролина Гочева е новитет и од аспект што ова е првпат еден глобален бренд од ваков ранг да склучи договор со вистинска македонска ѕвезда на локално ниво.

Во текот на 129-те години постоење на интернационалната компанија, голем број светски познати личности беа и сѐ уште се заштитни лица на линиите на овој козметички гигант. Од нив може да се издвојат: актерите Салма Хаек, Рис Витерспун, Кортни Кокс, Патрик Демпси, Жаклин Бисе, Мила Јововиќ, Оливија Вајлд, Меган Фокс и др; понатаму мегапопуларната пејачка Ферги; светски познатата тенисерка Марија Шарапова; супер-моделите Амбер Валета, Јасмин Ле Бон, како и актуелниот глобален амбасадор за убавина и топ модел, Ирина Шајк.





# **Каролина Гочева:** Реткост е да се види компанија која на толку многу начини се труди околу својот тим

Возбудени сме да објавиме дека од почетокот на четвртиот квартал оваа година, па сѐ до четвртиот квартал 2016, Каролина Гочева ќе биде заштитно лице на AVON Македонија. Таа ќе се појави во брошурите на AVON, препорачувајќи неколку внимателно одбрани премиум производи, но ќе следат и голем број изненадувања поврзани со оваа соработка.

А, што вели таа за соработката?



**Драги пријатели,**

*Драго ми е што конечно ќе имам прилика одблизу да го запознаам овој интернационален бренд и да видам кој е успешниот продажен тим на оваа компанија. После повеќе од 20 години искуство во мојата кариера, сфаќам колку значи да имаш некој кој континуирано те поддржува да растеш и да се развиваш во тоа што сакаш да го работиш. И најважно, некој што не ти дозволува да се откажеш во исполнувањето на својот сон. А токму тоа постојано го прави и AVON кон својата продажна структура.*

*Особено сум инспирирана што во AVON жените имаат можност да се реализираат на повеќе начини: преку убавина, дружење, кариера, заработка...*

*Навистина ме импресионираше тоа што оваа компанија ги нуди сите можности за беспрекорен и континуиран раст во кариерата, а веќе имав и прилика да запознаам дами кои се стремат да бидат подобри, да ги остварат своите соништа, дами кои храбро ги искористиле сите можности кои им се понудени и кои се комплетно среќни жени од сите аспекти.*

*Вистинска реткост е да видам дека една компанија на толку многу начини се труди околу својот тим, почнувајќи од безброј можности за заработка, преку мотивациски програми, бонуси, присуство на гала настани, ексклузивни подароци, па сè до сеопфатна бесплатна тренинг платформа. Дополнително, чест е да се работи со компанија која е и социјално одговорна и која од година во година остварува сè поголеми донации во своите кампањи за Борба против ракот на дојка и Борба против семејното насилство.*

*Исто така, разгледувајќи ја брошурата на AVON и подготвувајќи се за фото-сесијата, успеав да согледам колку голем тим стои зад 180 страни возбуда, кои се подготвуваат на секои 3 недели. Потребни ми беа 30 минути добро да ја разгледам за да можам да го направам мојот избор на производи. Фасцинантно е да се види колку голем и колку професионален тим стои „позади сцената“ за време на фото-сесиите со цел најдобро можно претставување на производите на AVON. Во текот на овие 20 години откако се занимавам со јавната сцена сум била дел од многу професионални фото-сесии, но да се работи со високопрофесионалниот тим на AVON, за мене беше вистинско уживање.*

*И на самиот крај, доколку би морала во една реченица да сумирам зошто за мене претставува огромно задоволство да работам со ваков бренд, би рекла AVON е во вистинска смисла на зборот компанија за жените. Таа не само што продава производи за убавина, туку истовремено и ги отвора вратите на жените да изградат сопствен бизнис и се грижи за нивното здравје и благосостојба. AVON докажува дека убавината има цел!*



# AVON и познатите

AVON, како компанија за жените, отсекогаш била клучно име во светот на убавината. Со преку 11 милијарди долари годишен приход, таа е една од најголемите светски компании за директна продажба, која работи во преку 100 земји, со преку 6,4 милиони активни независни претставници.  Постои веќе 129 години во светот, а во Македонија е присутна од 2005 година и за овие 10 години се докажа како бренд кој е синоним за квалитет и успех кој бележи континуиран раст во продажбата.

Брошурата на AVON излегува на секои три недели или 17 кампањи годишно и се дистрибуира во повеќе од 25.000 примероци во секоја поединечна кампања.

Отсекогаш било практика оваа козметичка компанија да соработува со врвни имиња од различни сфери од светот на убавината и модата. Атрактивни модели, актерки и актери, модни дизајнери практично секоја кампања го ставаат својот потпис и печат токму на производите на AVON како заштитни лица на повеќе колекции и брендови.

Само во изминативе неколку години AVON склучи бројни соработки со познати светски дизајнерски имиња. Такви се примерите со Кристијан Лакроа (Christian Lacroix), Емануел Унгаро (Emanuel Ungaro), Синтија Рајли (Cynthia Rowley), Ерве Леже (Hervé Léger) и многу други кои за AVON создадоа цели серии премиум парфеми и ги доближија својата креативност и луксуз до огромниот број корисници на оваа козметичка компанија.

Исто така, низ страниците на брошурите на AVON се најдоа и голем број светски познати личности како заштитни лица на дел од линиите на AVON. Меѓу нив можат да се издвојат познатите актерки и актери Салма Хаек (Salma Hayek), Рис Витерспун (Reese Witherspoon), Кортни Кокс (Courtney Cox), Патрик Демпси (Patrick Dempsey), Жаклин Бисе (Jacqueline Bisset), Мила Јововиќ (Mila Jovovich), Оливија Вајлд (Olivia Wilde), Меган Фокс (Megan Fox) и други, потоа мегапопуларната пејачка Ферги (Fergie), како и супер-моделите Амбер Валета (Amber Valletta), Јасмин Ле Бон (Yasmin Le Bon), но и Ирина Шајк (Irina Shayk).

Последна соработка од 2014 година беше со светски познатата тенисерка Марија Шарапова (Maria Sharapova).

Покрај соработките со глобално познатите личности, компанијата AVON во своите брошури отсекогаш ги користела и професионалните совети на докажани светски стилисти, шминкери, парфимеристи, дерматолози и други експерти во повеќе области кои своето долгогодишно, еминентно искуство го преточуваат како лична препорака за корисниците на AVON.

По примерот на најголемите светски имиња од светот на модата и дизајнот, исто така и познати македонски имиња од оваа фела застанаа со својот авторитет и потпис зад палетата на AVON. Така, во периодот 2013-2014 година AVON Македонија потпиша договори и со познати македонски дами кои својата креативност и естетика ја доближија и до големиот број корисници на AVON во Македонија. Тоа беа модните дизајнерки Антонија Ристовска и Росица Мршиќ, како и познатата стилистка Васка Леонтиќ, чии професионални совети и препораки се најдоа на страниците на брошурите на AVON.

Сепак, како најголема и најзначајна соработка со позната личност за AVON Македонија е токму соработката со мегапопуларната македонска пејачка Каролина Гочева. Соработката започна август 2015 година и ќе трае сè до четвртиот квартал 2016 година, во кој период Каролина ќе биде заштитно лице на неколку линии производи на AVON. На насловната страница на брошура на AVON за првпат ќе се појави во Кампања 14, која излегува кон крајот на септември.



Дел од парфемите со потписот на познатиот француски моден дизајнер **Кристијан Лакроа**, меѓу кои и бестселерите Christian Lacroix Nuit за Неа и за Него, Christian Lacroix Rouge, Christian Lacroix Noir, како и последните Christian Lacroix Ambre, за Неа и за Него.




Актерката **Рис Витерспун** во 2009 го претстави парфемот In Bloom, меѓутоа понатаму соработката вроди со уште серија 3 нови мириси Live, Laugh и Love од линијата Expressions. Понатаму таа беше заштитно лице и на голем број производи за шминка од линијата Avon Color, како и Амбасадор во кампањите за Борба против ракот на дојка и Борба против семејното насилство.



Холивудската дива **Салма Хаек** беше заштитно лице на најпродаваната трилогија парфеми Today Tomorrow Always, а денес таа е Амбасадор на Фондацијата за жени на AVON и сè уште е посветен активист во филантропската кампања за Борба против семејното насилство.



По соработката со Салма Хаек, од 2013 година својот потпис на популарните премиум мириси Today Tomorrow Always го стави познатата актерка и активистка **Оливија Вајлд**. Овие парфеми минатата година ја прославија 10-годишнината од своето постоење, а Оливија Вајлд е сè уште присутна во брошурите на AVON како нивно заштитно лице.




Популарната актерка и топ модел **Мила Јововиќ** во 2012 година го претстави новиот женски парфем City Rush.



Мегапопуларната пејачка Ферги во 2010 стана заштитно лице на парфемот Outspoken кој потоа доби уште неколку свои изданија, а потоа се потпиша и на парфемот VIVA. **Ферги** исто така беше заштитно лице и на линијата за нега на коса Advance Techniques.

**Меган Фокс** во брошурата на AVON се појави во 2013 година како заштитно лице на парфемот Avon Instinct.





Супер моделот **Ирина Шајк** е последен глобален амбасадор за убавина и актуелно заштитно лице за линијата шминка Avon Color.

Последна соработка со светски познато заштитно лице за премиум мирис е договорот со познатата тенисерка **Марија Шарапова** која во 2014 го претстави парфемот Avon Luck.






**Антонија Ристовска** – советник за убавина на AVON во четврти квартал 2013 год. Оваа соработка вроди и со цела модна колекција на Ристовска наречена Instinct, инспирирана од истоимениот парфем на AVON.
**Росица Мршиќ** – советник за убавина на AVON во првиот квартал во 2014 год. Оваа модна дизајнерка со AVON имаше и заедничко претставување на Skopje Fashion Week пролет-лето 2014.
**Васка Леонтиќ** - експерт за шминка на AVON март-декември 2014 год. кога нејзините професионални совети се најдоа во брошурите на AVON, а исто така и го предводеше шминкерскиот тим на Skopje Fashion Week есен-зима 2014 кога AVON беше ексклузивен партнер за шминка.

## Ексклузивни фотографии од фото-сесијата за AVON во Варшава, Полска















AVON

АВОН КОЗМЕТИКС ДООЕЛ • Кукушка бр. 8, 1000 Скопје • Тел: 02 3243 800
• Факс: 02 3243 801 • www.avoncosmetics.com.mk